Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2025/2026 година (бр. 02-1092/11 од 16.9.2025г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" објавува

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С**
**за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2025/2026 година;

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестар на прв циклус на студии во учебната 2025/2026 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:

- ако еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените,
- починат родител или
- родител кој го загубил родителското право.

3. Апликантите, **најдоцна до 14.10.2025** треба да достават пријава на следната меил адреса: kilievska@fvm.ukim.edu.mk.

Во пријавата треба да се наведе:
- за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии,
- за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити.

Со пријавата апликантите, во pdf – формат, ги доставуваат и следниве документи:
- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
- за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија,
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход ,
- за родител на кој му е одземено родителското право,
- решение од надлежен суд и/или - за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

**4.** Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител се прави евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати. Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година поодделно. Ранг – листата ќе биде објавена на



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

интернет страницата на Факултетот за ветеринарна медицина **најдоцна до 20.10.2025 година.**

5. Апликантите имаат право на приговор по објавените ранг - листи најдоцна до 28.10.2025 година. Комисијата ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината за единицата.

6. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува најдоцна до 8.11.2025 година. Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Факултет за ветеринарна медицина-Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk